Ило ТРАЈКОВСКИ

**УДК: 316.03(497.7)**

# МЕСТОТО И УЛОГАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

**Кратка содржина**

*Во трудот се разгледува местото и улогата на граѓанското образование во општествениот систем на Република Македонија. Главната теза е дека воведувањето на концептот граѓанско образование во македонскиот образовен систем е конфликтен процес кој успешно ги поминал иницијалната и последователната воведна фаза и дека сега се соочува со предизвиците на фазата на негово прерас-нување во главен тренд. Состојбите во секоја одделна фаза се опишуваат од аспект на нивните цели, основни прашања, организација и обука на наставниците.*

***Клучни зборови:*** *ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ, МАКЕДОНИЈА, ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ, ГРАЃАНСКООБРАЗОВНИ ПРОЕКТИ, ВОВЕДУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, НАЦИОНАЛЕН НАСТАВЕН ПЛАН, ОБРАЗОВНИ ВЛАСТИ, НАСТАВНИ МАТЕРИЈАЛИ*

## Вовед

Пред околу шест години, пишувајќи за општествените функции на граѓанското образование и за моменталните состојби во него во земјата и споредувајќи ги истите со ситуациите во другите

---

* Трудот е првично објавен во германското списание *Online Journal for Social Sciences Education* (c) 2-2003 sowi-online., Leading Editor, Reinhold Hedtke. Со оглед на јазичната и на технолошката бариера со која може да се соочи поширокaта стручна јавност во Македонија, а имајќи предвид дека трудот се појави во една репрезентативна странска публикација, заедно со уште седум трудови за граѓанското образование во одделни земји, оценив дека е во интерес на академската критика кај нас трудот треба да го направам достапен и на македонски јазик. Оригиналниот труд беше доставен за објавување во средината на 2002 година. По позитивната рецензија од страна на двајца странски и анонимни рецензенти, избрани од издавачот како познавачи на состојбите во Македонија, трудот беше прифатен за објавување во почетокот на 2003 година. Поради оваа временска разлика, ги молам македонските читатели да имаат разбирање за временските определеници во трудот.

посткомунистички земји, најдов дека е многу илустративно ако сето тоа го опишам со парафразирање на почетната реченица од познатиот Комунистички манифест на Маркс и Енгелс. Резултат од тој обид е оценката дека: сто и педесет години по објавувањето на Комунистичкиот манифест, околу осумдесет години по избивањето на комунистичката револуција и по дестина години транзиција, денес, нова „аура се надвиснува“ над Источна и Централна Европа - аурата на граѓанственоста. Сите сили на нова Европа се обединуваат во света борба за таа аура. Секој настојува да ја насочи таа аура vitalis кон сопственитот двор (Трајковски, 1998а).

Спротивно на овој општ тренд, авторот критички забележа дека македонските образовни власти, во тоа време, немаа јасни идеи и насоки во однос на граѓанското образование. Тие се движеа напред назад. Денес, ситуацијата е различна. Иако сè уште не е соодветно институционализирана, идејата за граѓанското образование е веќе прифатена и воведена како нова парадигма на општетственото образование.[1]

Актуелната состојба со граѓанското образование во Македонија е резултат на еден седум-осум годишен процес на внесување на овој концепт во образовниот систем. Овој процес помина низ две специфични фази и сега влегува во неговата трета фаза на институционализација и утврдување. Првата фаза започна во 1995/96 година. Таа беше иницијална и активностите во неа беа сосредоточени на промовирање на идејата за граѓанското-образование, на неговата мисија и на местото во образовниот систем. Втората фаза започна во 1998/99 година и се карактеризираше со воведување на првите експериментални граѓанско образовани програми во одделни училишни години и одделенија. Третата фаза започна во 2000/01 година и нејзин главен предизвик е утврдувањето (mainstreaming) на граѓанското образование. Во она што следи, се прикажуваат специфичните цели и прашања на првите две фази. Третата фаза е на самиот почеток и, како последица на тоа, третитот дел од статијата ги навестува перспективите на

---

[1] Види Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe. 2001. Country Report the former Yugoslav Republic of Macedonia. Council of Europe DGIV/EDU/CIT, 45 (македонско издание: Ило Трајковски, Политиката на Република Македонија кон образованието за демократско граѓанство и за почитување на различноста 1991–2001 – извештај, самостоен издавач Ило Трајковски, Скопје, 2002)

граѓанското образование од гледна точка на европската интеграција на земјата.

Пред тоа, важно е да се нагласи дека македонските постигања во областа на граѓанското образование треба да се разберат и да се оценуваат во контекст на специфичното општествено милје. Специфичноста на македонскиот контекс не произлегува единствено од самата транзиција. Во таа смисла, македонското општество ја споделува транзициската феноменологија со другите посткомунистички земји.

Но покрај типичните транзициски појави како што се приватизацијата на јавната сопственост, либерализацијата на економијата, демократизацијата на политичкиот систем, транзицијата во Македонија беше насочена, пред сè, кон обезбедување на независноста и градење на државата; градење на нацијата и општествена интеграција на етничките малцинства; и меѓународно признавање и интеграција на Република Македонија, како независна држава.

Како надополнување на овие проблеми, македонското општество, во 1999 година, во период од 3-4 месеци, искуси огромен бран (над 360.000) бегалци од Косово. Но вистинските ефекти од конфликтот на Косово врз Македонија следуваа две години подоцна. Во 2001 година, земјата помина низ воен конфликт на својата територија. Војната ги нагриза самите идеи за граѓанственоста, за разнообразноста и за човековите права.[2] Основните идеи кои стојат во темелите на овие концепти беа обесчестени од страна на етничките албански герилици – кои својата војна против Република Македонија ја претставуваа како „борба за повеќе човекови права“. Сепак, повеќето граѓани сфатија дека граѓанските вредности, ставови и умешности, стекнати и научени во текот на претходните години на мир и стабилност ним им обезбедуават капацитети за надминување на ситуацијата. Важно е да се нагласи

[2] Ова најде свој израз во извештајот на Меѓународната кризна група (ICG) од 2001 година, според чии (донекаде поедноставени заклучоци): „ни една страна во Македонија“ (етничките Македонци и етничките Албанци) „не веруваат во 'граѓанско' решение. Демократијата е расклацкана, „мултиетничноста“ се сфаќа како сомнителен западен жаргон, а граѓанската политика ја загуби својата поддршка.

http://www.crisisweb.org/projects/balkans/macedonia/reports/A400369_27072001.pdf

дека принципите на граѓанственоста беа вградени како еден од фундаменталните принципи на Охридскиот рамковен договор.[3]

## 1. Граѓанското образование како конфликтна образовна иновација

Граѓанското образование за прв пат влезе во јавниот говор на земјата во 1995 и во 1996 година. Тоа беше воведено одозгора, бидејќи во тоа време постоеја само неколку алтернативни образовни чинители во оваа област. Иницијативите за образовни реформи доаѓаа главно од независни универзитетски кругови. Сепак, набргу по приемот на земјата во Советот на Европа таа ги презеде првите чекори за внесување на граѓанското образование.

За да излезат на крај со новите образовни предизвици од интеграцијата, државните институции и чинителите на образовниот систем беа вклучени во неколку, во основа, самореформирачки потфати, без позначајна јавна (политичка или академска) дебата за националниот наставен план (ННП). Најдобрите резултати од таквите напори најдоа израз во новореформираните наставни планови за основното и за средното образование.[4] Двата плана беа моделирани во согласност со принципите на долготрајната и самообновувачка традиција на униформно, централизирано, детално и дисциплинарно насочено образование. Но, и покрај сè, двата наставни планови (за основно и за средно образование) обезбедуваа специфично место за граѓанското образование.

На нивото на основното образование, ГО (=граѓанско образование) беше планирано да се изучува во седмо и во осмо одделение (учениците на возраст од 14 до 15 години), како составен елемент на програмата по предметот историја и граѓанско општество. Ваквото лоцирање на граѓанското образование во наставниот план беше засновано врз соодветната дефиниција на основната мисија на основното образование (Основно образование, 1997). Во меѓувреме, ова место на граѓанското образование бе-

---

[4] Развиени од Педагошкиот завод и, на предлог на Педагошкиот совет, потпишани од министерот за образование и наука.

[3] Мировен договор, потпишан од сите главни политички партии во Македонија, со силни меѓународни гаранции.

ше променето. Граѓанското образование е воведено како засебен предмет.

На нивото на средното образование (ученици помеѓу 16 и 19 години), граѓанското образование беше поинаку поставено во наставниот план за стручните училишта (СУ) во споредба со наставниот план за гимназиите. Наставниот план за средното стручно образование (ССО) го внесе граѓанското образование како засебен предмет. И овде граѓанското образование е воведено како средство за постигање на основните цели на средните училишта.

Во новиот наставен план за гимназиското образование, граѓанското образование требаше да биде пренесено преку одделни тематски содржини во рамките на предметите политички систем, социологија и филозофија. Наставниот план, исто така, го внесе граѓанското образование и во програмата за училишни активности, наречена граѓанска култура.

Во целост, погоре опишаните одредби во однос на наставниот план покажуваат дека образовните власти имаа цврста позитивна нормативна заложба да ги образуваат граѓаните за живот во општество кое ги почитува човековите права и слободи и својата внатрешна културна разнооборазност. Официјалните документи за основното и за средното образование ги вградија нормите и вредностите на демократијата, граѓанственоста, различноста, европската интеграција и други. Мирот, стабилноста и демократијата се дефинирани како принципиелни цели на училиштето.

Малку има што би можело да им се додаде на ваквите одредби. Некој би можел да рече дека граѓанското образование во Македонија имаше добра, споредбено и подобра почетна позиција – имаше официјален статус во рамките на националните наставни планови. Сепак, граѓанското образование имаше да изоди уште долг пат. Еден од отворените и најконтроверзни проблеми чиешто разрешување влијаеше на местото на граѓанското образование во наставниот план, беше содржината која требаше да им ја пренесуваат на учениците одделните тематски целини или наставните предмети – кои информации, кои знаења и идеи, кои вештини и способности и кои вредности и лични диспозиции.

Ова беа прашањата кои, за разлика од внесувањето на граѓанското образование во наставниот план, не можеа да бидат заклучени и решени во рамките на бирократските канцеларии. Внесувањето на ваквите иновации во образовниот процес беше надвор од дострелот на образовните власти. Како резултат на тоа, тие,

иако не со волја, ја оставија вратата полуотворена за иницијативи и активности однадвор. На еден или на друг начин, тие допуштија мали, чекор по чекор, промени и иновации. Првите пилот-проекти и програми по граѓанско образование беа внесени во училиштата.

Обемот, целите и содржината на спроведуваните активности се разликуваа: од такви кои покриваа само еден или два концепта, идеи, вештини или вредности, до програми кои покриваа широк опус на еклектички избрани теми. Содржината обично доаѓаше со парите со кои се поддржуваше внесувањето на одделни граѓанскообразовни програми.

Првите иницијативи беа финансиски поддржани од неколку странски органзиации. Меѓу првите кои станаа активни во оваа област треба да се споменат Институтот отворено општество, ФАРЕ, американскиот Центар за граѓанско образование (CCE) од Калифорнија и австриската КултурКонтакт. Како резултат на нивните ангажмани, беа организирани првите промотивни активности. Една од највлијателните беше иницирана и организирана од новоустановениот Акционен проект Образование за граѓанско општество (АПОГО), на Институтот за социологија, при Филозофскиот факултет. АПОГО, со финансиска помош од CCE, организираше тркалезна маса на тема местото, целите и методиката на граѓанското образование во Македонија. Врз основа на дискусиите и заклучоците од тркалезната маса, АПОГО разви и предложи интегрална стратегија за внесување на граѓанското образование во сите нивоа на јавното образование (Трајковски, 1998б). Стратегијата беше парцијално прифатена од образовните власти. Сепак, врз основа ан Стратегијата, тимот на АПОГО ги разви проектите и ги воспостави партнерствата кои продолжија да ги обликуваат граѓанскообразовните активности во Македонија во наредните неколку години, и покрај тоа што, по политичките промени во владата од 1998 година, сите активности на АПОГО беа преземени и спроведувани директно од Министерството за образование (МО)

Последното, само делумно ја илустрира играта на моќта околу внесувањето на граѓанското образование во образовниот систем на земјата. Од самиот почеток, граѓанското образование беше сфаќано не само како едноставна образовна иновација туку, исто така, и како нешто што донесува нови ресурси, финансии, како и работа, опрема и сл. Поради тие причини, внесувањето на гра-

ѓанското образование, од самиот почеток, се покажа како многу конфликтен процес.

Покрај егзистенцијалните извори на конфликт во врска со граѓанското образование, неговата промоција стана конфликтна и поради идеолошки причини. Граѓанското образование, исто како и образованието за човекови права, од самиот почеток, беше тема експлоатирана за целите на идеолошките и на политичките конфликти меѓу етнонационалистичките и либералните или т.н. „граѓански" сили. „Граѓанските" партии, барем декларативно, беа посилни поддржувачи на граѓанското образование од националистичките партии. Сепак, по промените во власта, по изборите од 1998 година, кога националистичките партии дојдоа на власт, нивните партијци, од едни или до други причини, многу страствено ја презедоа контролата над воведувањето на постојните граѓанско-образовни проекти, развиени од АПОГО, установен на Универзитетот.[5]

Друг извор на конфликити во процесот на внесување на граѓанското образование во македонските училишта, беа прашањата околу професионалната сопственост. Бидејќи граѓанското образование требаше да биде внесено како посебен предмет во наставниот план, се постави прашањето кој е професионално овластен да го предава тој предмет. Главни конкуренти беа социолозите и нивните ривали, историчарите, политиколозите, филозофите и педагозите – толку многу заинтересирани страни за малата, но очајнички потребна торта!

Сите овие контроверзи на некој начи исчезнаа од јавниот говор во текот на последните четири години кои се совпаѓаат со втората фаза на внесувањето на граѓанското образование во образовниот систем. Новите образовни власти го сфатија внесувањето на граѓанско образовните проекти, едноставно, како прашање на практикување на државната власт. Од таа позиција тие не беа заинтересирани за согледувањата на квалификуваната јавност за граѓанското образование како образовна иновација.

---

[5] Четири години подоцна, во пресртет на новите парламентарни избори од 2002 година, владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ ја објави својата Бела книга. Добар дел од главата за образованието во овој документ им е посветен на достигањата во областа на граѓанското образование.

## 2. Внесување на граѓанскообразовни проекти одозгора

Во текот на периодот помеѓу 1998 и 2001/2002 година, темата за внесувањето на граѓанското образование беше сведена на спроведување на претходно иницираните проекти. Образовните власти, со цел да ги преведат востановените нормативни одредби во ефективни училишни курсеви и во одделенски практики, врз основа на соодветна обука на наставниците и соодветни наставни материјали, беа ангажирани во неколку имплементирачки активности. За таа цел, на самиот почеток од оваа фаза, Мнистерството за образование установи Комисија и ја задолжи со задача да ги координира сите проекти во врска со граѓанското образование. Овие проекти, во претходната фаза, беа воведени како иницијативи на различни невладини организации и академски институции од земјата или на меѓународни организации. Подоцна, се покажа дека установуивањето на оваа комисија било само тактички чекор на Министерството за образование. Набрзо по нејзиното формирање како координатционо тело, Комисијата ја презеде во свои раце имплементацијата и управата над повеќето тековни граѓанскообразовни проекти во основното и во средното образование.

Ваквата централизација беше силен знак на недоверба. Новите образовни власти не ги прифатија домашните и странските експерти или други лица кои, претходно, беа активни во тоа поле и кои, фактички, ги донесоа првите граѓанскообразовни проекти и иницијативи во земјата. Во тој процес, странските организации кои ги финансираа проектите не покажаа преголема загриженост поради персоналните и институционалните промени. По првите благи и повеќе рутински реакции тие ги сфатија таквите промени како дел од фолклорот и од пресметаниот ризик на работа во услови на нестабилна околина и многу брзо ги преболеа своите стари партнери. Ова беше формулата со која организациите како американската Католички служби за помош (CRS) која беше активна во основното образование, како и австрискиот КуклурКонтакт, активна во средното образование, можеа да преживеат на теренот и да продолжат со нивната работа во земјата.

Меѓутоа, на друга страна, екстремната централизација и монополизација на имплементирачките активности од страна на Министерството за наука и на неговите подредени тела се покажа како поефективна во споредба со искуството од претходната фа-

за. Ваквиот pristap „од врвот-долу“, со неговиот директививистички стил на работа – кој дефинитивно не беше на линија на мисијата на граѓанското образование – се покажа како поприспособен на наследената авторитарна образовна клима и на одамна установените училишни практики. Највидливите резултати од овој пристап се опишани подолу.[6]

На ниво на предучилишното образование, главен граѓанскообразовен проект беше Основи на демократијата. Инситуционално, тој беше поврзан со Министерството за образование (МО) и со Бирото за развој на образованието во соработка со Министерството за труд и социјална политика (МТСП). Според информациите од МО, сѐ до 2001 година, оваа програма била внесена во 20% од предучилишните групи во земјата. Финансиски, проектот беше поддржан од МО и МТСП.

На ниво на основното образование, се спроведуваа два проекта. Во содржинска смисла, наставните матријали и методите за изведување на наставата, и во двата, беа засновани на американските проекти Основи на демократијата и Проект граѓанин, оригинално развиени од понапред споменатиот ССЕ, од Калифорнија. Првиот проект беше иницијално воведен во одделенската настава (од I до IV одделение), а вториот во предметната настава (од V до VIII одделение). Проектите беа финансирани од УСАИД, преку грант на CRS. Двата проекта беа спроведувани со уважување на јазичкиот диверзитет во македонските училишта. До денес, повеќето од наставниците добиле кратка обука. Развиени се наставни материјали за учениците на македонски, на албански и на турски јазик.

На сите нивоа во средното образование, најрелевантните граѓанскообразовни проекти се воведени во средните стручни училишта. Во текот на оваа фаза, се спроведуваа два засебни проекти: Граѓаните за демократија, развиен од ФАРЕ ВЕТ – реформската програма и проектот Граѓанско образование, развиен во соработка со австриската невладина органзиација КултурКонтакт, финансиски поддржана од австриското Министерство за образование. Вториот проект резултираше со оригинално развиени наставни

---

[6] Прикажаните податоци се земени од понапред цитираниот национален извештај (Trajkovski 2001).

материјали (за учениците и за наставниците). Програмата беше спроведувана од наставници по социологија, за што тие добија одредена обука. Врз основа на постигањата на двата проекти, започнувајќи од септември 2001 година, граѓанското образование е воведено како редовен предмет во средните стручни училишта. Министерството за образование започна активности за внесување на граѓанско образование (граѓанска култура) во гимназиите.

Во однос на обуката на наставниците за граѓанско образование, најдобрите постигања се во тоа што е обучен висок процент на наставници од сите образовни нивоа, со што е внесена нова дидактика, нови наставни материјали и, најмногу, нов пристеп во наставата. Сепак, во однос на квалитетот на обуката, преовладувачкото мислење е критичко. Тоа особено се однесува на континуираното образование на наставниците кои се веќе во училиштата, т.н. ин-сервис обука. Од една страна, причина се самите наставници кои не се многу мотивирани. На друга страна, тоа се должи на самиот образовен систем кој не обезбедува поттици за континуирано професионално развивање на наставниците. Обуката за граѓанско образование, главно, е спроведувана на семинари и во работилници и е речиси целосно дизајнирана и обезбедена за потребите на конкретните проекти.

Наставните мнатеријали се највидливите резултати од спроведувањето на програмите за граѓанско образование. Благодарение на спроведените проекти, состојбата со образовните материјали е значително подобрена во споредба со порано. Развиени се учебници за ученици и прирачници за наставници за различни теми: човекови права, решавање на конфликти и справување со конфликти, мировно образование, демократија, владеење на правото, ненасилство, мултикултурализам, меѓукултурно разбирање и други. И покрај тоа, бидејќи сите наставни материјали се развиени за потребите на одредени проекти и програми сè уште се чувствува недостиг од квалитетни сеопфатни и поопшти референтни материјали. Овој недостиг не може да се надмине без развивање студии за граѓанственоста и за граѓанското образование на повисокото универзитетско (дипломско и постдипломско) ниво. Во таа насока, местото на проучувањата на граѓанственоста на универзитетот не е подобро во споредба со периодот пред воведувањето на граѓанското образование на пониските нивоа од образовниот систем.

Институционално, универзитетските катедри не се покажаа како многу приемчиви за потребите и за процесите во пониските нивоа на образование. Поединци од универзитетот навистина играат водечка улога во внесувањето на програми по граѓанско образование во основното и во средното образование. Но индивидуалните напори и достигања не се институционализирани – нешто што може да биде разбрано и објаснето во рамките на поопштиот проблем на консолидацијата и на стабилизацијата на новите демократски вредности и институции. Граѓанственоста и граѓанското образование не се редовен составен елемент на наставниот план за образованието на наставниците. Единствен исклучок е Педагошкиот факултет од Универзитетот во Битола. Во 1999/2000, Педагошкиот факултет го воведе курсот Методика по основи на демократијата, како задолжителен за студентите кои се подготвуваат за наставници во одделенската и во предметната настава.

### 3. Идните предизвици на граѓанското образование

Врз основа на гореспоменатите постигања во самисла на: законска рамка, наставни планови, силна нормативна заложба на образовните чинители и веќе преземените политики за спроведување на истите, постои добра причина за оптимизам во однос на иднината на граѓанското образование во Македонија. Освен тоа, се чини разумно да се претпостави дека таквите позитивни трендови ќе продолжат во светлината на европската интеграција на земјата. Оваа стратегиска насока на општеството во целост, позитивно влијае врз местото на граѓанското образование во рамките на образовниот систем. Од таа перспектива, граѓанското образование се разбира како образовна програма која им излегува во пресрет на барањата за почитување на разнообразноста и која го поддржува прифаќањето на европските политички и економски вредности во ерата на глобализацијата. Како таква програма, граѓанското образование треба да се третира како носач на европската интеграција.

За ефективно остварување на неговите цели, граѓанското образование, во иднина, треба да биде повтемелено и поконтекстуализирано отколку во минатото (Петровски, 2002). Во однос на содржината, на методиката, на организацијата и, секако, во однос на финансиите, повеќето од спроведените проекти претствуваат

само минимални приспособувања на оригиналните странски идеи и на образовните практики. Не постои граѓанскообразовен проект кој е развиен во земјата. Сите спроведени проекти и програми се увезени однадвор. Од друга страна, новите и поконтекстуализирани проекти треба да ја интегрираат европската димензија која, поради нивната увезеност, недостига во сегашните.

Овие празнини ќе се пополнуваат паралелно со успесите на планот на градењето на институциите. Постои силна потреба од градење и до промовирање на домашни центри на експертиза за развивање на политики, за развој на ресурсни и на наставни материјали, за обука на наставници, за оценување и за истражување во областа на граѓанското образование и на проучувањата на граѓанственоста, воопшто. За таа цел, развојот на меѓународната соработка и на партнерствата е нужен предуслов.

Друг многу важен развоен фактор кој директно ќе влијае врз иднината на граѓанското образование е толку потребната реформа во областа на општествените и на хуманистичките студии воопшто, а на општетсвените и на хуманистичкте науки, особено. Во минатото, многу серизони контроверзи, проблеми а понекогаш и пречки произлегуваат токму од „конкуренцијата" помеѓу општествените и хуманистичките дисциплини во однос на монополизирањето на граѓанското образование.

(Рецензент: *проф. д-р Петре Георгиевски)*

## ЛИТЕРАТУРА

**Basic Concepts** and Core Competencies for Education for Democratic Citizenship (2000): CoE, DGIV/EDU/CIT. 23.

**Bîrzea, C. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Country Report Romania, CofE DGIV/EDU/CIT. 2001. 45.

**Dhamo, M. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Country Report Albania. CofE DGIV/EDU/CIT. 2001. 45.

**Education for Democratic Citizenship (2000):** a Lifelong Learning Perspective, CoE, DGIV/EDUCIT. 21.

**Harrison, C./ Baumgartl, B. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Regional Report. CofE, DGIV/EDU/CIT. 2001. 45.

**Krek, J. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Country Report Slovenia, CofE DGIV/EDU/CIT. 45.

**Meretev, T. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Country Report Bulgaia, CofE DGIV/EDU/CIT. 45.

**Основно, О. (1997):** содржина и организација на воспитно образовната дејност. Педагошки завод на Македонија, Скопје.

**Основно, О. (2001):** предметна настава, Министерство за образование и наука, Скопје

**Петровски, Д. (2002):** Демократијата како концепт и учење. Граганско образование за демократија/Просветен работник 1/I.

**Програмска структура на средното образование (1996):** Министерство за образование и физизка култура, Педагошки завод на Македонија, Скопје.

**Развој на образовнието: Национален извештај на Република Македонија за 2001 година (2001),** Министерство за образование и наука, Скопје.

**Spajik-Vrkas, V. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Country Report Croatia,CofE DGIV/EDU/CIT. 2001. 45.

**Strategies for Learning Democratic Citizenship (2000):** CoE, DESC/EDU/CIT. 16. The Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia. 2001. Education Development Strategy 2001-2010.

**Torney-Purta, J./ Schwille, J./ Amadeo, J.-A. (eds.) (1999):** Civic Education Across Countries: Twenty-four National Case Studies from the IEA Civic Education Project.

**Трајковски, И. (1998а):** Општествените функции на граѓанското образование и неговата политиканска и малограѓанска инструментализација во Македонија. *Форум - аналитика*, бр. 2, 98.

**Трајковски, И. (1998б):** Граганското образование во Република Македонија: Образование за граѓанско општество, Филозофски факултет, Скопје.

**Trajkovski, I. (2001):** Stocktaking Research on Policies for Education for Democratic Citizenship and Managing of Diversity in Southeast Europe: Country Report "the former Yugoslav Republic of Macedonia, Council of Europe DGIV/EDU/ CIT. 2001. 45.

Ilo TRAJKOVSKI

## THE PLACE AND THE ROLE OF CIVIC EDUCATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA

### Abstract

*The paper describes the place and the role of civic education within the social system of the Republic of Macedonia. The main argument is that the implementation of the concept of civic education into the Macedonian educational system has successfully passed the initial and the subsequent introductory phase, and is nowadays facing the challenges of the mainstreaming phase. The situation at each stage is described in terms of the objectives, central issues, organization and teacher training*

***Keywords:*** *CIVIC EDUCATION, MACEDONIA, FUTURE CHALLENGES, CIVIC EDUCATION PROJECTS, IMPLEMENTATION OF CIVIC EDUCATION, NATIONAL CURRICULUM, EDUCATIONAL AUTHORITIES, TEACHING MATERIALS*